


# БОГ ДА ЧУВА И ДА БРАНИ

Delea cartago! Со овие зборови многу адвокати, уште од времето на Латините, ги започнуваа своите говори во воведниот збор при отворање на одбраната во судовите, на политичарите во говорите а мене ми доаѓа на ум оваа реченица откако добив задача да го направам овој текст кој ќе биде некакво свртување назад во последниов период, да не кажам година. Нели, ни доаѓа Божиќ па, новинарски е ред да направиш ретроспектива на периодот кој е зад тебе. Delea Cartago во превод значи Картагина е уништена, а во слободен, нешто како: го помнам уништувањето на Картагина. Тоа е периодот кога Римската имерија успева да ги покори Картагинците со тоа што ги уништи потполно, секако и нивната престолнина. Не знам зошто токму оваа латинска изрека како мува во ноември здодевно ми се плетка низ мојот латиничен фонт, но се надевам, исто колку и вие, дека до крајот на текстот ќе ја откријам причината за нејзиното појавување во овој фолдер. Морам да признам и да бидам искрен дека за многу работи, кога пишувам, не знам каков став имам кон нив, се додека не прочитам што сум напишал за тоа, а по молбата од уредникот да напишам текст за минат период - само апокалиптични помисли ми паѓаат на памет.

Па драги мои, добре дојдовте на каучот на Фројд, каде со автохипноза ќе се обидеме да одговориме на тајните мистерии на подсвеста, секако, без последица дека тоа Ќе доведе до дијагноза неизлечиво, препорака: лоботомија...е па:
Ave Caesar, morituri te salutant…
Тешко дека временскиот вортекс ќе го задржам само на последанава година, бидејќи секогаш кога славиш росденден, некако, се подсету



ваш на се што си направил во животот.. Се ближи Божиќ, кој пак станува секоја година сѐ позначаен во моето битисување, дури повеќе од мојот еготрип наречен роденден, а мене неодоливо помислата ме носи во далечната 1987, таа ли ќе беше? Нејсе. Мојот најдобар пријател во таа година фрли сѐ од себе, го батали светот, ги зеде Скалите кон Небото и се искачи на Света Гора, јас истата година го зедов ранецот со плочи и се симнав во Огниште станувајки скопска-шема-диџеј, (ти се невиди во титулата). Бев убеден дека во подрумите на скопските клубови газам по небо и одам по патеката каде секој безбожен скопски калап (калап на битолски - Шизик, фраер) знае дека мора да се оди, умирисан од чадот на цигари и скиселено пиво, како што тоа гордо беше сфатено дека стануваме свет.
Мојот пријател стекна малкумина познати и другари на земјата тихувајќи и подвизувајќи се на Света Гора, а јас надуен како пештански квасец мислев дека менувам жени ко чорапи, додека во исто време тие ме менуваа мене (како хулахопки?). Се дружев со луѓе кои беа архетип на сѐ она што треба да преставува градско-урбано-штотијазнамкакво-живеење, а повеќемината од нив завршија со цирози, инфаркти и секако, џанаци од прва категорија.

**Додека мојот пријател одеше со Господ по патеките на Света Гора, јас ко Траволта газев по тротоарите на Лондон и Оксфорд.**
**Осум и пол години подоцна, мојот пријател се врати дома (на очајничките повици наши за помош, за аман), обожен, продуховен, облеан со светлина и благодат, поими за кои мислев дека значат само нешто кога поповите мрсат додека дремеш покрај вратата од црквата чекајќи да го благослови лебот, по кој онаа досадна баба те пратила за да добиваш проширени вени место неа додека да заврши тирадата.**
**Мојот пријател не беше тука осум и пол години и истиот ден кога се врати околу него се собраа десетици, стотици пријатели кои му останаа верни до ден денес. Меѓу нив бев и јас. Му бакнав рака и го замолив за благослов, а тој  ме благослови и ме праша како сум... Што има...?**
**Велат дека кога човек умира целиот живот му поминува низ глава како забрзан филм, јас изгледа дека умрев во тој миг, целиот живот ми пролета низ глава, и мојата, легендарно погана, уста не можеше да артикулира ниту еден збор: Си викав во себе: Кажи супер е! Шема е! Кул е! Добро е!, кажи бе нешто бекни бе, мамлаз!!!**
**Но освен неартикулирано цвилење ништо не можеше да излезе од мене, небаре малиот холанѓанец не можел повеќе да додржи и го тргнал прстот од пукнатината на браната, умот, телото и духот се распаднаа како напрсната шофершајбна. Само се расплакав над неговата рака. Уште не ни бев свесен за моите славни осум и пол години, факинг години за кои самобендисано мислев дека ги живеам како Осум и пол недели. Бизнис рикнат, тотален банкрот, ја живеев еврејската: ‘да даде Господ да имаш, па да немаш‘, првиот брак распаднат, половината од другарите на клиника за**



одвикнување од дрога и алкохол, другите во Бутел, тотално дезориентиран емоционално и професионално... Секако од Лондон и Оксфорд се вратив со сувенир кој ќе го носам до крајот на животот - првиот нервен слом. Има ли поента оваа јавна исповед?




Секако дека Неподносливата Леснотија на Живеењето е само мој привид, кој набргу се претвора во очајничка борба за преживување, во кој можам само да завивам како Андалузиски Пес и да си ставам жилет во окото за да не ги гледам мравките кои излегуваат од мојата рака, да се претворам во предмет во сликата Стопените Часовници на Дали, за да завршам урлајќи како Мунковиот Крик. Или уште пострашно, да седиш во кафеана и да се чудиш што ти се случило минатата вечер, додека ја чекаше својата фронцла, па да се расплачеш како река на реклама за прашок за перење, откако 48 часа си поминал во потрага на предметот кој си го оставил на мастата во дневната, а потоа се појавил самиот на истото место три дена подоцна. Нема поента, не сум ни повикан за такво нешто освен да направам нешто што Нео го сфати и затоа и се реши на тоа што се реши да го направи...Тоа е изборот!

Не можам да одолеам на помислата дека сѐ можеше да биде поинаку, ништо не е конечно и одредено и дека добриот Бог ми оставил доволно простор и упатства за употреба за да го направам вистинскиот избор, да се запатам по автопатот 47, кој вози во еден правец и има 12 ленти, но не, скопскиот шемаџија мора да се бутне во ендекот и да цапа во кал до гуша, да се дави во фекалии и во исто време со последни сили да вика: Тооо!! Шема, човече, баш е кул, до јаја, рацете горе, сите ве сакам, ...

Премин, Рождество Христово 2004



А кој нормален би тргнал на пат од Скопје до Солун, преку Белград и Тирана? Не се грижете, не сум единствен, легиони од пациенти талкаат на бесконечното самоизмачување, урлаајќи во глас убедени дека пеат со цел да ве убедат дека тоа е модерна и прогресивна авантура, дека така треба, дека тоа ИН!!!

Само му побарав прошка, се исповедав и причестив... и сѐ се сврте и преврте, земјотрес и вулкан и конечно чисто небо и така наредните осум и пол години! Приказната не е завршена, но мора да има хепи енд затоа што засега сѐ е хепи, ха,ха,ха! Смејте се, знам дека ви се плаче, а имавме прекрасна година:

- народот одбра и покажа дека не за џабе имаме имиња како Трпе, Трајче, Мирко, Трпана, Трајана, (Мирка не ја спомнувам за да не добие текстов политички призвук...)
- Монти Пајтон повторно снимаат, овојпат во продукција на СПЦ, но порано се смеевме на досетките на Џон Клиз и Тери Гилијам, сега плачеме (од смеење) на истите мудрости кои ни доаѓаат од истите студија на Кошутњак каде се снимаа Отпишаните.

- Изнервираниот Тарантино го сними Kill Bill 1 со крв до колена, колку да се потсетиме и ние како ни било некогаш и како ни се закануваат дека пак ќе ни биде, секако, пак се расплакав-ме ...од смеење.

-Расел Кроу во Master and Commander има вели на морнарите пред да тргнат во битка: *Ова го правите за на-градата која ве очекува!* Се прашувам кога моите колеги врескаат по колумни: чуму сето ова, драги мои? Само за рало гаќи? Ептен евтино!

-Велат дека кучето што не лае е обично од некоја крупна, благородна и јака раса, обично ќути додека чиувавите лајат околу него, но ако добие знак од Господарот, замо гризе и крши кичма... изгледа дека сме Панама ако Мексико ми е на север.

Како и да земеш. Година која треба побргу да ја заборавиме, уште помалку да ни се повтори, но од друга страна здравјето ме служеше, каматата редовна, не знам за вас, но нека ми се повтори секоја наредна...

Можеш ли за било која работа да ја бојосаш во црна или бела боја? Мојот фотошоп вади преку 30 нијанси на сива. Која ќе биде мојата ќе зависи само од мене, оперативниот систем го добив без пари затоа и резултатите постигнати со него бесплатно ги делам. Важен е изборот, кој колку и да е лош е личен и треба да се носи не како товар туку како спојлер кој само ќе ја подобри стабилноста на болидот.

Иако Картагена ја гледам насекаде околу мене, не значи дека јас треба да бидам Картагинец, сепак некои мислат дека и двојното државјанство е опција, колку болни умови има, небаре ги гледаш како низ Битола ко бетмени се шетаат, илегално, со плаштови сокривајќи ги малите рокчиња, грофтаат над судбината своја и туѓа што понекогаш ме тера да се запрашам, можам ли да го сакам и него? Можам, но со истата страст како што студентот по медицина кој полага за 10-ка го сака лешот кој го вивисекцира, знам дека ако ја добие од среќа перврзно и би го бакнал ...сепак, он сѐ уште не ја разуме јужну границу.

И додека полека се дигате од каучот на др Фројд, застанете за миг да подразмислите за неговата теза:

Човештвото целиот свој век го минува во мелиорација на своите потиснати стравови, се канализираат желбите, страстите, а најмногу се потиснуваат во длабоки црни дупки, иди после испери ги тие наталожени со векови црнила во душите.



Кана

**Д-р Фројд вели, дека не смееме да се плашиме од ништо на светов и дека треба директно да се соочиме со стравот, последицата може да биде само една, потполно излекување, дотогаш ќе ја гледаме Картагена во душите свои, а и на нашите браќа, благодарејќи Му на Бога што во сета немаштија успеавме да го одоереме вистинскиот пат и да се соочиме не само со сопствениот туку и со стравот на ближниот свој. Мислам дека поинаку и не може, чиувавите не знаат да престанат да лајат кога еднаш ќе почнат, а од тоа боли глава.**

**Дон Перињон Јанко Де Кавијар**